# Поврзување на TL-WA850RE со основниот рутер

## Опција 1 – Поврзување со WPS (wireless protected setup) копче

1. Приклучете го уредот во електричен приклучок
2. Притиснете го WPS копчето на основниот рутер, кратко или неколку секунди, во зависност од моделот, додека не добите светлосна индикација. Кај некои уреди (HG8245 и HG8245H) можно е WPS копчето да е фабрички исклучено, па може да го пуштите според упатствата објавени на интернет страната на Македонски Телеком, или користете ја Опцијата 2 за поврзување.
3. Притиснете го кратко WPS копчето на TL-WA850RE и отпуштете го, па почекајте RE диодата да засвети постојано, што значи дека е успешно поврзувањето.

## Опција 2 – Поврзување преку интернет пребарувач

1. Приклучете го уредот во електричен приклучок
2. Поврзете мрежен кабел помеѓу компјутер и TL-WA850RE или поврзете се безжично
3. Со интернет пребарувач пристапете кон конфигурација на TL-WA850RE (фабрички поставени username=password: admin) и внесете ги параметрите за безжичната мрежа која сакате да ја засилите.